**ЗАПИСНИК**
**од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.01.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.01.2023 година.
2. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на ТВ Шутел од Скопје.
3. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на Јон Радио од Струга.
4. Предлог - решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Ревизорски услуги.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Авионски билети.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Финансиско – осигурителни услуги.
8. Предлог – одлуки за исплата на надоместок за смрт на член на семејство.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.01.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на ТВ Шутел од Скопје. Објасни дека Советот на претходната седница поради неисполнување на минималните кадровски услови започна постапка за одземање на дозволата. Истиот ден во вечерните часови од ТВ Шутел беа доставени потребните документи, кои потоа од секторот беа проверени и се утврди дека се комплетни. Од таа причина согласно Законот се предлага да се запре постапката.

Г-дин Петрушевски потсети дека на претходната седница му посакаа на радиодифузерот што поскоро да ги отстрани недоследностите што и се оствари и добро е што тој и понатаму ќе продолжи со работа.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015 година.

Согласно Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, арх.бр.03-301/1 од 23.01.2023 година е констатирано дека Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, (Пречистен текст) арх.бр.01-3747/1 од 06.10.2022 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на Јон Радио од Струга. Објасни дека не станува збор за промена на сопствениците туку преземање на уделот на еден од сопствениците од страна на друг сопственик. Во моментот сопственици на радиото се три физички лица. Побарано е одобрување да истапи едниот од нив а неговиот удел да го преземе еден од останатите двајца сопственици. Секторот направи проверка во Централниот регистер на РСМ по што се констатира дека нема законски пречки да се одобри оваа промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр. 42/20 и 77/21) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог - решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово. Објасни дека радиото веќе достави изјава заверена на нотар дека престанува со работење и ја враќа дозволата за радио емитување. Со тоа согласно Законот останува Советот да донесе решение со кое радиодифузерот ќе се избрише од регистарот на радиодифузери

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги. Објасни дека АВМУ има законска обврска до Собранието на РСМ да достави ревизорски извештај изготвен од страна на овластено ревизорско друштво. Од тие причини се спроведува оваа постапка за јавна набавка, која е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година. Според износот на проценети средства оваа набавка ќе се спроведе како набавка од мала вредност со објавување оглас на електронскиот систем на јавни набавки. Наведе дека сите останати податоци за набавката се содржат во материјалите по доставената точка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Ревизорски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Авионски билети. Објасни дека ова е редовна јавна набавка која се спроведува во овој период на годината. Истата е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година. Според износот на проценети средства оваа набавка ќе се спроведе

како поедноставена отворена постапка. Наведе дека сите останати податоци за набавката се содржат во материјалите по доставената точка

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Авионски билети.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Авионски билети е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Финансиско-осигурителни услуги. Објасни дека истата е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година. Според износот на проценети средства оваа набавка ќе се спроведе како набавка од мала вредност со објавување оглас на електронскиот систем на јавни набавки. Наведе дека сите останати податоци за набавката се содржат во материјалите по доставената точка

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Финансиско-осигурителни услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Финансиско-осигурителни услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 8**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение да се донесат две Одлуки за исплата на паричен надоместок на двајца работници за смрт на член на семејство (родител), во висина од по 15.000,00 денари

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-321/9

08-02 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**